**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-518/5 од 05.06.2024 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23) и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставениот Записник и Предлог - Одлука за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА СЕЛО ВАРДИНО ЗА ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДБА СО НАМЕНА Е1-ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ ВО КОЈА СПАЃААТ НАЕМНИТЕ Е1.6- КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА И Е1.6-ГРАДБИ ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ- ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА СО ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА СЕЛО ВАРДИНО, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на село Вардино за инфраструктурна градба со намена Е1-инфраструктурни водови во која спаѓаат намените Е1.6-канализациона мрежа и и Е1.6-градби за прочистување на отпадни води- изградба на канализациона мрежа со пречистителна станница за отпадни води за село Вардино, КО Вардино, Општина Демир Хисар.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот Општина Демир Хисар, со седиште на ул„Битолска" број 8, Демир Хисар , преку овластениот полномошник „АСТРЕКС" ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Даме Груев" бр.5-III/4 Скопје- Центар , поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-518/1 од 22.05.2024 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на село Вардино за инфраструктурна градба со намена Е1-инфраструктурни водови во која спаѓаат намените Е1.6-канализациона мрежа и и Е1.6-градби за прочистување на отпадни води- изградба на канализациона мрежа со пречистителна станница за отпадни води за село Вардино, КО Вардино.

Проектната програма е изработена од ,,АСТРЕКС" ДООЕЛ Скопје, правно лице кое поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број П.175/А, издадена од Министерство за транспорт и врски на 20.03.2024 година , со важност до 20.03.2031 година.

Со барањето е приложена следната документација:

- **Барање за одобрување** на Проектна програма со број 11-518/1 од 22.05.2024 година
- **Предлог проектна програма** со техн.број У-1137/24 од мај 2024 година ,
- **Услови за планирање на просторот** издадени од АПП со тех.бр. Y05124 од април 2024 година
- **Решение за услови за планирање на просторот** со Арх.бр. УП1 -15 916/2024 од 13.05.2024 година издадено од МЖСПП-Сектор за просторно планирање
- **Полномошно** од инвеститор заверено на нотар со бр.08-527/1 од 27.05.2024год.
- **Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога** со дел.број 08-239/3 од 18.12.2023 година изработен од ДООЕЛ НОВА ГЕОДЕТ Битола

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 год., по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектна програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20 219/21, 104/22 и 99/23 ) за што согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект на село Вардино за инфраструктурна градба со намена Е1-инфраструктурни водови во која спаѓаат намените Е1.6-канализациона мрежа и и Е1.6-градби за прочистување на отпадни води- изградба на канализациона мрежа со пречистителна станица за отпадни води за село Вардино, КО Вардино, Општина Демир Хисар.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*Изработил*: Клара Тодоровска, диа

Klara Todorovska

Digitally signed by Klara Todorovska
Date: 2024.06.05 13:27:12 +02'00'

Општина Демир Хисар
Градоначалник

**Никола Најдовски**

Nikola Najdovski

Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=166413, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2024-06-05 14:24:18